**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-405/6**

**Скопје, 04.09.2008 година**

**До**
**ОСНОВЕН СУД СТРУГА-СТРУГА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Струга депозитна сметка (во понатамошниот текст Основен суд) за 2007 година кои се прикажани на страница 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Основниот суд за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   - Ади Усеини - Претседател на Основен суд Струга.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 27.05.2008 година до 28.05.2008 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***10.1. Неправилна примена на акти:***

10.1.1. Во делот на материјално финансиското работење со вонбуџетските средства како привремен и редовен депозит на депозитната сметка, ревизијата утврди почетно салдо на 01.01.2007 година во износ од 8.380 илјади денари и состојба на средствата на депозитите на крајот на годината односно салдо на 31.12.2007 година во износ од 5.748 илјади денари.

Со ревизија на материјално финансиското работење со вонбуџетските средства како привремен и редовен депозит на депозитната сметка, ревизијата ги утврди следните неправилности:

- не е овластено лице за работење со средствата на депозитите, што влијае на неможност на утврдување материјалната одговорност за примените и дадените парични средства на Основниот суд за 2007 година,
- не е воспоставена евиденција на начин предвиден во делот петти од Судскиот деловник (Работни книги за евиденција на депозитите) и
- не е изработен Преглед на судските депозити, како прилог кон завршната сметка,
- префрлени се средства во Буџетот на РМ во износ од 2.490 илјади денари и на сметката приходи наплатени од органи на судот во износ од 522 илјади денари без издадени решенија од судот со кои ќе се утврди дека правото на издавање на депозитот е застарено и дека предметот на депозитот станал имот на Република Македонија,

спротивно на одредбите од Судскиот деловник. Невоспоставениот начин на евидентирање на депозитите, како и префрлените средства на сметката приходи наплатени од органи, придонесува Основниот суд да не располага со податоци за утврдување на состојбата, движењата на депозитните средства и нивното законско и наменско користење.

**Препорака:**

Основниот суд да воспостави евиденција на средствата од судските депозити, согласно одредбите од Судскиот деловник.

Председателот на судот по годишното заклучување на работните книги за евиденција на депозитите и изработка на “Биланс на средствата на



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

депозитите", да формира Комисија за преглед на севкупното работење на средствата за депозитите за претходната година со цел утврдување на рокот за застареност на правото за издавање на депозитите, бидејќи застарените депозити претставуваат имот на Република Македонија.
Депозитот да се користи само за намената за која е депониран на депозитната сметка.

### *10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела;*

10.2.1. Основниот суд финансиските трансакции, односно признавањето на приходите и другите приливи како и расходите и другите одливи во текот на годината ги евидентира според пресметковно сметководство (фактурирана реализација), а на крајот на годината приходите и расходите ги сведува според начелото на парично искажување, што не е во согласнодт со член 18 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Непримената на основното сметководственото начело на парично искажување, влијае на нереално и необјективно искажување на билансните позиции во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Со цел реално и објективно искажување на билансните позиции, водењето на сметководството, составувањето и поднесувањето на финансиските извештаи да се врши согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1. и 10.2., финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Основен суд Струга – Струга – депозитна сметка на ден 31 Декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 10.1. и 10.2. кај Основен суд Струга – Струга – депозитна сметка не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

**Овластен Државен Ревизор**

**Скопје, 03.09.2008 година**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

*Овластен Државен ревизор*
----------------------------

**Основен суд Струга - Струга**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 4,050 | 2,343 |
| **Вкупно приходи** | **4,050** | **2,343** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 3,677 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **3,677** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **4,050** | **2,343** |

**Основен суд Струга - Струга**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 5,748 | 8,320 |
| **Вкупно тековни средства** | **5,748** | **8,320** |
| **Вкупна актива** | **5,748** | **8,320** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Примени аванси, депозити и кауции | 5,748 | 8,320 |
| **Вкупно тековни обврски** | **5,748** | **8,320** |
| **Вкупна пасива** | **5,748** | **8,320** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------